Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 10.11.2019

На 09.11.2019 година во 07.30 часот полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин и граничен надзор „Меџитлија“, пред село Кременица, битолско, ги привеле лицата Г.М.А.(44), П.Х.Ј.(26), Х.П.Л.(55), Д.А.Ј.(37) и С.Л.И.(24), сите од Куба, поради тоа што илегално ја преминале државната граница и од Р.Грција влеле во Р.С. Македонија. Лицата биле предадени на полициски службеници од СВР Битола за понатамошна постапка. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.И. од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 19.03.2019 во населба Дутлок во Гостивар, во близина на фудбалскиот стадион во градскиот парк, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 09.11.2019 во 10.08 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Киро Фетак" го лишиле од слобода В.Т.(34) од Скопје, поради тоа што при преглед кај него бил пронајден шприц со течност. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.11.2019 во 20.50 часот на ул.„Козле" во Скопје, мотоцикл „кивеј" со скопски регистарски ознаки, управуван од С.Ј.(39) од Скопје, удрил во паркирано патничко возило „тојота јарис", со скопски регистарски ознаки. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила сопатничката на мотоциклот Т.П.(40) од Скопје, додека мотоциклистот се здобил со телесни повреди. Тие биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 09.11.2019 во 09.15 часот во Полициската станица Карпош, А.Б.(67) од Скопје пријавил дека на 08.11.2019 во 18.00 часот на ул.„Франц Месеснел" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 10.11.2019 во 00.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „8 ми Септември" бил донесен Г.К.(56) од Скопје, кај кого биле констатирани тешки телесни повреди од сообраќајна незгода. Според пријавеното, Г.К. на бул.„Борис Трајковски", додека управувал мотоцикл „кивеј", изгубил контрола и паднал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.11.2019 околу 20.00 часот во СВР Скопје била пријавена кражба на ул. „192" на Бит Пазар. Во текот на кражбата бил испукан проектил од пиштол, кој завршил во ногата на А.Ш.(42) од Скопје. Тој бил префрлен во Комплекс клиники за укажување на лекарска помош, каде му била констатирана телесна повреда на стапалото и бил пуштен на домашно лекување. Возилото во кое е извршена кражбата е обезбедено. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.11.2019 во 14.30часот во Полициската станица Драчево, С.Т.(41) од с.Батинци, скопско, пријавила дека околу 07.40 часот во с.Батинци била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 10.11.2019 во 01.00 часот, полициски службеници од Полициското одделение Галате – СВР Тетово спровеле акциска контрола во угостителски

објект во с.Дебреше, гостиварско. При контролата било утврдено дека М.Б.(27) од Косово и А.К.(27) од Албанија го злоупотребиле туристичкиот престој во Р.С.Македонија. Тие биле приведени во Полициската станица Гостивар и по документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Х.Е.(25) од с.Добридол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 17.11.2018 во с.Топлица, полициски службеници извршиле преглед на лице и возило, при што кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

На 09.11.2019 во 18.10 часот во Полициската станица Центар, Ц.П.(29) од Скопје пријавила дека, додека била на работно место во продажен објект во трговски центар во Скопје, била физички нападната од С.П.(36) од Скопје. Сочинет е записник за константиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 09.11.2019 во периодот од 19.20 до 21.00 часот во Гевгелија, поради дефект на електричната мрежа, во градот немало електрична енергија. Според пријавеното, причина за дефектот е оштетување во трафостаница. Извршен е увид.
На 09.11.2019 во 23.20 часот во Полициската станица Аеродром, С.Д.(42) од с.Смиловци, велешко, пријавил дека во угостителски објект на бул.„Кузман Јосифовски Питу" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.11.2019 во 12.10 часот во Полициска станица Гази Баба, било пријавено дека А.С.(26) самоволно ја напуштила јавната установа за згрижување „Ранка Милановиќ", во која престојувала. Според пријавеното, таа има здравствени проблеми и досега во повеќе наврати ја напуштала установата и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 09.11.2019 во 18.59 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продажен објект на ул.„Илинденска" во Скопје две лица со закана одзеле пари и мобилен телефон од вработената. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

(https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)